РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-562/3
31-12-2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од непознат подносител (анонимна пријава) на 28.03.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 45-та седница одржана на 30.12.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-2054/1 од 28.03.2019 година оформен по пријава поднесена од непознат подносител (анонимна пријава) до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2054/1 од 28.03.2019 година бидејќи пријавата не содржи доволно податоци во врска во наводите содржани во истата за да може да постапуваат надлежни органи.

Предметот да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2054/1 од 28.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за незаконитости поврзани со исплата на финансиски средства, врз основа на Програмата за финансирање на Здружението на граѓани --------------- -------од Буџетот на општина ------------, како од таа програма преку ----------------- биле префрлувани финансиски средства и на сопствената сметка на Претседателот на Советот на општината -------------------, -------------- на неколку наврати во 2018 година, кој истовремено е член на Управниот одбор на Здружението на граѓани ------------------------.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК со Барање за надлежно постапување со број 12-562/1 од 27.01.2020 година и Ургенција со број 12-562/2 од 26.10.2020 година побара од Управата за финансиско разузнавање во рамките на своите законски надлежности да ги провери наводите во пријавата и за исходот од постапувањето да ја извести Државната комисија.

Во доставениот одговор од Управата се наведува дека во врска со поднесеното Барање од ДКСК со кое се бара да се извршат проверки за сомневања за незаконитости поврзани со исплата на финансиски средства на Здружението на граѓани ------------ од буџетот на општина ------------, Управата известува дека согласно членот 117 од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, надлежните органи може да доставаат иницијатива до Управата, ако постојат причини за сомневање на перење пари и финансирање на тероризам.

За да постапи Управата по Барањето на ДКСК потребно е да се доставaт дополнителни податоци кои се однесуваат на сомневање за перење пари, како и видот и начинот на извршување на предикативното кривично дело за кое постои сомневање дека истото е сторено.

По разгледување на наводите во анонимната пријава и добиениот одговор од Управата за финансиско разузнавање, ДКСК констатира дека пријавата не содржи доволно податоци во врска со наводите содржани во истата за да може да постапуваат надлежни органи, па оттаму заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**